Правен факултет „Јустинијан Први"
Бр 02-1129/4
28 09 2018 год.

Врз основа член 110, став 1, точка 13 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), Наставно-научниот совет на седницата одржана на 28.09.2018 година, ја донесе следнава

**ОДЛУКА**
**за спроведување дополнителна /октомвриска/ испитна сесија во учебната 2018/19 година за студенти на втор циклус на студии**

I. Се одобрува дополнителна /октомвриска/ испитна сесија во учебната 2018/19 година за студенти кои студираат на втор циклус на студии, со административен надомест од 1.500,00 по испит.

II. Право на полагање имаат сите студенти кои имаат запишано IX семестар во учебната 2018/19 година и евидентирано (Е-2) семестар за учебната 2018/19 година.

III. Студентите имаат обврска да презапишат конкретна/и предметна/и програма/и пред да пријават полагање на конкретен/ни испит/и во дополнителната /октомвриска/ испитна сесија во учебната 2018/19 година, а кој/и го/и полагале во три последователни испитни сесии и не го/и положиле.

IV. Дополнителната испитна сесија ќе се спроведе во период од 1 до 12 октомври 2018 година, согласно распоредот за полагање кој ќе биде објавен од страна на секретарите на насоките на мастер студиите.

V. Студентите кои ќе полагаат испит/и во дополнителната /октомвриска/ испитна сесија се должни да доставаат пријава/и за испит/и во Службата за студентски прашања на Факултетот најдоцна еден работен ден пред објавениот термин за полагање на конкретниот/те испит/и.

VI. По еден примерок од одлуката да се достави до продеканот за настава, секретарот, раководителот на Одделението за студентски прашања, правни и општи работи, огласна табла, веб страната на Факултетот и архивата на Факултетот.

VII. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Декан
Проф.д-р Горан Коевски